


**ДЕЛ ОД ПОСЕТИТЕ НА ГРАДОВИ ВО СВЕТОТ ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „*СВЕТОТ НА ДЛАНКА*“**
**НА СЛАВЕ КАТИН**

Ерусалим  е расположен на неколку суви, вжештени и безводни ридишта со што доминира над сета околина. Многубројните цркви, други верски објекти и модерни градби му нудат контрастна слика на восхитениот посетител. Месностите Маслиновата Гора, Голготата и Гетсиманската Градина, како и цвеќињата во дворовите на богатите Ерусалимци му даваат посебна убавина и привлечност, за што и странецот за овој град добива впечаток дека тој е создаден само за филмско платно или за прекрасна разгледница.

На старохебрејски “Ерусалим” значи “град на мирот”. Арапите го викаат ал – Кудс што

значи “свет град”. Евреите, христијаните и муслиманите веруваат дека Господ е еден и единствен. А да веруваш во Господ значи да посакуваш мир за себе и за другите. Маслиновата гранка е симбол на мирот. Во близината на Светиот град се наоѓа Маслиновата Гора во која Исус ја оплакувал судбината на Ерусалим. Навистина историјата на Ерусалим е вечна борба меѓу маслиновата гранка и мечот. Светиот град и местото каде што се преплетуваат трите големи монотеистички религии, со векови е сведок на највозвишените чувства и најниските страсти, особено, кога псалмите ќе станат дел од политичките говори.

Прогласувањето на императорот Константин за цар во 313 година значи пресвртница во историјата на Црквата. Константин, не само што се покрстил, туку христијанството го издигнал на ниво на државна религија, пред се’, зашто во него гледал обединувачка сила за своето поделено царство. Со тоа христијанството станало официјална религија во Ерусалим. Во тој период почнале да се градат манастири и цркви, а стариот дел бил обновен и претворен во модерен трговски центар, кој претставувал вистинска туристичка атракција.

Подоцна, во 634-та година, калифот Омар го освоил Ерусалим и го вовел Коранот, а градот го нарекол град на храмови. На ридот на храмовите никнале нови храмови а се градел и познатиот Храм на молитвата. Но, како што се граделе новите храмови, така се уривале и старите. Така, во 1012 година агресивниот калиф Ал –Хаким ги разурнал синагогите и црквите, по што Ерусалим станал мал град со одвај 30-тина илјади жители. Со Ерусалим Арапите владееле 450 години, се’ до доаѓањето на крстоносците во 1099 година, кога тие Ерусалим го претвориле во свет град. Тогаш тие ги масакрирале муслиманите и Евреите, а градот останал центар на крстоносците, добивајќи ново име Ерусалимско царство. Во тој период крстоносците ги обновиле и познатите христијански места.

Меѓутоа во 1250 година градот го освоил Мамелук, а Ерусалим станал мал неважен град далеку од светот со само 10-тина илјади жители. Се вратил исламот и се граделе исламски свети места. Турската власт, пак, се зацврстила за времето на Селим Први кој го освоил во 1517 година. Дури пет векови подоцна, Ерусалим почнал да се менува и да јакнат европските интереси за Блискиот Исток. За време на Првата светска војна овде навлегува британската војска и воспоставува британски мандат и власт. Подоцна, на 29 ноември 1947 година, со одлука на Обединетите нации градот станал интернационален и поделен на два дела. Така, во Стариот град живееле муслиманите, а во Новиот град Евреите.

Вака поделениот град останал се’ до војната во 1967 година, кога по израелската поделба двата дела се споени во единствена целина на денешниот Ерусалим, кој со изградбата на новите населби многу брзо се шири по издигнатите ритчести предели. Оттука и се вели дека по површината што ја зафаќа, тој е најголем град во Израел и е најблиску до Јудејската Пустина. Сепак, со тоа спојување и со масовното ширење на градот, речиси ништо не е изменето, зашто тој и понатаму останува поделен како што бил порано на стар и нов дел.

Стариот град и денес го сочинуваат четири дела: еврејски, ерменски, христијански и муслимански, кои се обиколени со ѕидишта од сите страни. Секоја страна е долга по околу еден километар, а целата ѕидна обиколка е од ерусалимски камен. На места има блокови тешки и по 400-тини тони. Тука се и осумте порти, од кои секоја засебе има своја историја, свое значење, своја судбина, свое име. Тоа се портата на Давид, Златната порта, Портата на Свети Стефан, Јафа Портата, Портата Дамаск итн.

Маслиновата Гора во Ерусалим е поврзана со преданијата за спасителот  Исус Христос, кој “ќе се врати и ќе дојде овде да ги воскресне мртвите”. Според преданијата, тие што се најдблизу до местото од каде што ќе доаѓа спасителот, ќе воскреснат најбрзо. Затоа за да се купи место овде, за малата парцела за урната со посмртните останки се плаќаат по 5.000 долари. Странските државјани, пак, од кои во последно време се’ почесто се изразува желбата “да почиваат во вечниот мир на Маслиновата Гора”, нудат многу повеќе.

Честопати низ шега Израелците меѓусебно си дофрлуваат дека одвај чекаат да умрат за да бидат погребани на Маслиновата Гора. Но, колку и да е тоа шега, сепак е непобитно дека ова е едно од најобожаваните места кое е поврзано и со непрегорот со подигањето на градот на овие ритчести предели, со желба да се опстои во тешкиот живот во пустината.



[illegible]



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**